# 45.

БИАТЕН Бр. 4

# МАКЕДОНСКИ ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ
# “ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ” - ПРИЛЕП




04 - 10 ЈУНИ 2010

*Вечерва завршува 45-тото издание на МТФ ,,Војдан Чернодрински”.*

*Светлата на сцената ке се изгаснат. Завесите ке се спуштат. Музите на божицата Талија, ќе го остават својот трепет до наредното издание на овој најголем тетарски фестивал кај нас. Седум дена, седум фестивалски вечери се веќе зад нас. Во мигови на разгаленост од тетарската магија, остануваат импрсиите кои најверојатно ќе се прераскажуваат до в година. Емоциите се измешани. Наградените задоволни и со солзи радосници во очите. Другите, со поголем мотив, в година да бидат уште подобри. Но, сите се срекни!!! Поради можноста што ја имаа да го покажат она во што се најдобри.*

*Поради пријатниот амбиент во кој се споделуваат искуствата. Поради неповторливата шанса за забава и дружба до раните утрински часови!!!*

*Илузијата од театарската магија ја снемува!!! Фестивалот завршува!!!*

*Но, до в година, нека бие срцето уметничко, нека живее со целиот свој жар, нека пулсира крвотокот актерски, за вљубениците во тетатската уметност да имаат, со нетрпение што да очекуваат од следното, 46-то издание на МТФ "Војдан Чернодрински".*



Трибина: **“СУШТИНАТА НА ТЕАТАРОТ”**
модератор: **Бранко Ставрев**



На сцена "105", се одржа третата и последна трибина на годинашното издание на МТФ "Војдан Чернодрински". Модертор на трибината, беше режисерот **Бранко Ставрев**, кој во своето, многу опширно излагање, се наврати на се она што ја прави суштината на театарот. Ставрев, меѓу другото рече:

- Суштината на театарот е најверојатно нешто што се бара, што можеби и до денеска не е пронајдено. Затоа јас во мојот не научен труд се занимавам со еден историски приказ на тоа како светскиот театар од антиката до денес ја бара таа суштина која најверојатно ја подразбира целокупната поставеност на театарот. Значи од тоа, кој го плаќа театарот до крајната цел негова, односно на естатиката и физиономијата на одреден театар. Таа суштина во разните временски периоди не била иста. Секој општествен поредок наоѓа сопствена суштина и лично мислам дека еве Македонија е во една ситуација кога ја бара новата суштина на сопствениот македонски театар. Македонија, конкретно, еве, кога се наоѓаме на МТФ Војдан Чернодрински каде што треба да се зборува за тоа, точно е во една ситуација кога се бара новата суштина на сопствениот македонски театар.



Испровоциран од она што го кажа модераторот Ставрев, актерот **Мите Грозданов**, рече дека една од главните компоненти во суштината на тетарот е и употребата на дијалектите.

- Иако јас спаѓам во редот на актерите кои добро ги владеат сите дијалекти, сепак, при една прилика имав сериозен проблем со дојранскиот дијалект. Никако не ми одеше. По ова започнав да правам анализа, зошто не можеме да се снајдеме со дијалектот. Открив, дека основната причина лежи во тоа што дури и во претставите каде треба да се употребуваат дијалекти и тие се суштествени за неа, се употребува литературниот јазик. Затоа, сметам дека ако треба да се употребува дијалект, тогаш нека биде дијалект,а ако треба литературен јазик, нека биде литературен, а не да е правиме шалабајзерска работа која, пак, ја уништува претставата.

# Гледавме . . .



Народен театар Битола
**“БРАЌА КАРАМАЗОВИ”** од Достоевски
Режија: Дејан Пројковски
Според драматизација на Андреј Хинг
Сценографија: Владо Ѓоревски - Рафик
Музика:Горан Трајковски
Костимографија: Благој Мицевски
Светло дизајн: Димче Спасевски
Играат: Митко С. Апостолоски, Петар Горко, Огнен Дранговски, Мартин Мирчевски, Илко Стефановски, Соња Михајлова, Душко Јовановиќ, Јулијана Мирчевска, Викторија Степановска, Соња Ошавкова, Слободан Степановски, Валентина Грамосли, Петар Мирчевски, Николче Појчевски, Филип Мирчевски

# Претставата . . .

“Браќа Карамазови” е одлична претстава, која нуди одговори на повеќе прашања. Претстава во која доаѓа до израз режијата, како и актерската игра на глумците од Битолскиот театар, кои многу добро ги пренесоа суштинските нешта значајни за пропаста на една руска фамилија.

• • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • •

**Дејан Пројковски,** режисер:

- Достоевски, заедно со фреските на Микеланџело, со музиката на Бах, се дела кои се во постојан и директен дијалог со Бога. Да се работи Достоевски, беше голем предизвик. Достоевски се занимава со крупни прашања коишто ги има еден човечки живот. Клучното е има ли Бог, каде е всушност и дали има пат на пронаоѓањето. Човекот не треба одговорите на прашањата да ги бара надвор од себе, туку да патува длабоко во срцето. Достоевски за мене беше патување длабоко во моето срце и душа. Достоевски во Битола го поставив затоа што сметав дека тоа е театарот од кој можам многу барам, но и да добијам.

**Митко С.Апостолоски,** актер:

- Веројатно местото на еден театар, што има нешто да прикаже е на некаков феситвал,. Кога велат некаков не мислам на секаков. 45 години сум на Фестивалот “Војдан Чернодрински”. Хронолошки тоа значи нешто што се вика доблест, квалитет, во театарот продолжува. Секоја средба со публиката е добредојдена. Со особена радост играв, играм и ако даде Господ и ќе играм пред прилепската публика. Она што е важно е што секој театар во своите рамки има претстави кои ги смета за клучни за да ги прикаже на Фестивалот. За Битолски тоа е “Браќа Карамазови”. Претстваата иам дострели, го заслужува присуството на Фестивалот, ја верифицира вонвременоста на Достоевски.

**Петар Горко,** актер:

- Секогаш прилепачани го следат битолскиот театар во голем број. Имавме одлична интерпретација, се претставивме во вистинско светло, иако игравме подоцна. Публиката не награди со аплауз. Благородно е да се игра Достоевски од една страна, а од друга тешко. Копаш во ликовите, тоа нема дно. Предизвикот е голем. Резултатот е видлив - добра претстава.

**Соња Михајлова,** актер:

- Во Прилеп играм со задоволство. Фантастично се чувствувам. Одлично помина претставата. Еден таков голем автор да се постави на сцената бара многу. Кога го работите Достоевски во театар се занимавате со театар, со живот, со она што е пред и зад животот.

## П у б л и к а т а . . .

- Одлична претстава за животот и начинот на размислување во поранешна Русија, и целиот животен тек на браќа Карамазови - рече **Миле Тошески**.

- Ми се допадна глумата особено главните улоги, текстот - докажана работа - рече **Цветанка Парталкоска**.

- Одлична беше претставата, идејата беше - човечките особини, оние лошите, негативните... Една од најдобрите претстави - рече **Снежана Бурнеска**.

- Ретка претстава од длабоката психа на Достоевски, и “Браќа Карамазови” е врв на тоа. А битолските актери вчудовидувачки пренесоа сé што беше суштинското, најдлабокото, во душевноста во пропаста на една фамилија која се нашла во вртлогот на јаки чувства кои незапирливо остануваат длабоко во нивната душа - рече **Јован Костоски**.

# Придружна програма . . .



Драмско куклен театар “Константин Величков” - Пазарџик, Р.Бугарија
**“СО ВКУС НА ОВОШЕН СЛАДОЛЕД”** од Трајче Кацаров
Режија: Владлен Александров

**Владлен Александров,** режисер:

Ова е праизведба и премиера на текстот на Кацаров. Зошто овој текст? Па ние сме стари пријатели и соработници. Сакав да поставам негов текст. Текстот беше посебно искрен, човечен, близок до тоа кое во моментот мене ме интересира како духовен проблем, чувствата меѓу двајца луѓе. Тоа е проста историја, на прв поглед, која сите сме ја преживеале. Во неа сите учествуваме. Клучот е една клупа во еден парк како метафора за светот, за осаменоста, за среќата на човекот од раѓањето до смртта и обратно . Тоа е темата на пиесата. Поради тоа ја режирав. Тоа е многу вистинско.

**Русица Александрова,** актер:

Многу сме среќни што игравме тука на Фестивалот затоа што тој е еден од најпрестижните фестивали во Македонија и особено што игравме на македонски текст што е убаво за публиката.

Темата нема граници. Тоа се односите меѓу мажот и жената. Во прашање е љубовта, а повечна тема од неа нема.

Првпат учествувам на Фестивалот. Инаку, сме гостувале во градот, па во Штип, Скопје, на Охридско лето . . . Ја познаваме македонската публика ја сакаме.

Во нашиот театар се играле две претстави од македонски автори и режирани од македонски режисери.

**Димитар Терзиев,** актер:

Во Прилеп играв пред десет години на турнеја.

Од како има маж и жена, таа тема е тука. За односите, за компромисот, сите чувства кои се во врската, има безброј прашања.

Ова е премиерно прикажување на претставата.

**Трајче Кацаров,** автор:

Ова е праизведба на овој текст. Македонската јавност не знае за овој текст. Никаде не сум го понудил, ниту некој знае дека е напишан. Со Владлен Александров се знаеме со години. Тој режира во Македонија. Имав потреба со него да комуницирам преку сцената. Напишав текст , тој го режираше. Таа соработка добро се воспостави. Таа енергија допира до публиката. Публиката очигледно враќа со иста мера.

## П р и д р у ж н а  п р о г р а м а . . .

Албански театар
**"www.Norveska.denes. com"**
Режија: Зоја Бузалковска
Играат: Амернис Нокшиќи-Јовановска и Фисник Зеќири

## П р е т с т а в а т а . . .

Претставата, во која играат Амернис Нокшиќи и Фисник Зекири, говори за отуѓеноста на младите луѓе и нивната затвореност во виртуелниот свет на интернетот. Всушност, таа говори за психологијата на сајбер-просторот, начинот на кој тој влијае на психата и феноменот на зависност од компјутерите, кои навистина се едни од најгорливите теми на нашето социјално живеење. Оттука и потребата да ги споделиме импресиите од оваа претстава. Секако, без притоа да се спорат предностите на интернетот, туку, како и режисерката Бузалковска, да се проговори за доминацијата на сајбер-сферата над останатите области, за можноста нештата да се отргнат од контрола, девијацијата да стане патологија, полека да почне да ги заменува сите други животни активности и да резултира со асоцијализација во која комуникацијата меѓу луѓето станува возможна единствено преку технолошки медијатор. Посебно затоа што "Норвешка денес" лесно станува слика за Македонија денес во која животот во виртуелната реалност се доживува не само како алтернативна реалност со повеќе перспективи, туку како некаков идеален свет во кој се остваруваат соништата, во кој се ослободуваме од чувството на ништожност, во кој нештата конечно добиваат смисла...

**Зоја Бузалковска,** режисер:

Поврзани преку Интернет-четовите, без идеја за тоа што сакаат да направат со своите животи, отуѓувањето од реалниот свет и избледеноста на боите на животот тангираат цели генерации на млади луѓе затворени во херметичките ѕидови. Претставата зборува за битките на животот, за љубовта, за мигот, за непроживеаното и за вредностите на утрешното".

## П у б л и к а т а . . .

**Габриела Станческа:** Многу ми се допадна претставата. Јас како млад човек, едноставно уживав во неа. Темата ми е е толку блиска и позната. Тоа е нашата реалност…тоа сме ние…

**Михајло Стеваноски:** Убава претстава. Современа претстава, каква што е и темата што таа ја раскажува, а тоа е отуѓеноста на младите луѓе и нивната затвореност во виртуелниот свет на Интернетот. Јас како да се пронајдов во неа...

# О Д Л У К А

ОЦЕНУВАЧКАТА КОМИСИЈА НА 45-ОТ МАКЕДОНСКИ ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ "ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ" ПРИЛЕП ГИ ДОДЕЛУВА СЛЕДНИТЕ НАГРАДИ:

1. НАГРАДА ЗА РЕКЛАМЕН МАТЕРИЈАЛ СЕ ДОДЕЛУВА НА **ВЛАДОЃОРЕВСКИ - РАФИК** ЗА РЕКЛАМНИОТ МАТЕРИЈАЛ ОД ПРЕТСТАВАТА **“БРАЌА КАРАМАЗОВИ”** ВО ИЗВЕДБА НА НАРОДНИОТ ТЕАТАР ОД БИТОЛА. ОДЛИЧНО ГРАФИЧКО РЕШЕНИЕ КОЕ ГО ИЗРАЗУВА ОСНОВНИОТ КОНЦЕПТ НА ПРЕТСТАВАТА ,НО ИСТОВРЕНЕМО ОТВОРА ФЛУИДЕН ПРОСТОР НА АСОЦИЈАЦИИ

2. НАГРАДАТА ЗА КОРЕОГРАФИЈА И СЦЕНСКИ ДВИЖЕЊА СЕ ДОДЕЛУВА НА **ТЕАТАРОТ “ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ”** ЗА КОРЕОГРАФИЈА И СЦЕНСКИ ДВИЖЕЊА ВО ПРЕТСТАВАТА **“КАВКАСКИОТ КРУГ СО КРЕДА”** ВО РЕЖИЈА НА МАР-ТИН КОЧОВСКИ. СЦЕНСКИТЕ ДВИЖЕЊА ВО ПРЕТСТАВАТА БЕА ВО ФУНКЦИЈА НА БАЗИЧНАТА ИДЕА НА ПРЕТСТАВАТА

3. НАГРАДА ЗА МЛАД АКТЕР “ТРАЈКО ЧОРЕВСКИ” СЕ ДОДЕЛУВА НА **ОСМАН АЛИ** ЗА УЛОГАТА НА **ЖАН** ВО ПРЕТСТАВАТА **“ГОСПОЃИЦА ЈУЛИЈА”** ВО ИЗВЕДБА НА ТУРСКИОТ ТЕАТАР СКОПЈЕ. ИАКО МЛАД , АКТЕР КОЈ ГИ ПРАВИ ПРВИТЕ ЧЕКОРИ НА СЦЕНА ОСМАН АЛИ ЛЕЖЕРНО И УБЕДЛИВО ДОНЕСЕ ЗРЕЛ СЦЕНСКИ РЕЗУЛТАТ

4. НАГРАДА ЗА ЖЕНСКА ЕПИЗОДНА УЛОГА СЕ ДОДЕЛУВА НА **НЕСРИН ТАИР** ЗА УЛОГАТА НА **КРИСТИНА** ВО ПРЕТСТАВАТА **“ГОСПОЃИЦА ЈУЛИЈА”** ВО ИЗВЕДАБА НА ТУРСКИОТ ТЕАТАР СКОПЈЕ. НА МАЛ ПРОСТОР И СО МИНИМАЛНИ ИЗРАЗНИ СРЕДСТВА НЕСРИН ТАИР УСПЕА ДА ИЗГРАДИ ВПЕЧАТЛИВ ЛИК КОЈ БЕШЕ ВО ФУНКЦИЈА НА ПРЕТСТАВАТА

5. НАГРАДА ЗА МАШКА ЕПИЗОДНА УЛОГА “ДИМЧЕ ТРАЈКОВСКИ” СЕ ДОДЕЛУВА НА **АДРИАН АЗИРИ** ЗА УЛОГАТА НА **ГРОБАРОТ** ВО ПРЕТСТАВАТА **“ГЕНЕРАЛ НА МРТВАТА ВОЈСКА”** ВО ИЗВЕДБА НА АЛБАНСКИ ТЕАТАР СКОПЈЕ. АКТЕР СО ПРИРОДНА АКТЕРСКА ХАРИЗМА КОЈ СУВЕРЕНО ВЛАДЕЕ СО ЛИКОТ ВО СЕКОЈА ДРАМСКА СИТУАЦИЈА

6. НАГАРАДА ЗА МУЗИКА СЕ ДОДЕЛУВА НА ГРУПАТА **ФОЛТИН** ЗА МУЗИКАТА ВО ПРЕТСТАВАТА **“КАВКАСКИОТ КРУГ СО КРЕДА”** НА ТЕАТАРОТ “ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ” ПРИЛЕП. КОМПЛЕТНО ВО ФУНКЦИЈА НА ПРЕТСТАВАТА МУЗИКАТА НА ФОЛТИН ПОСЕДУВА СВОЈА ЛИЧНА ИНДИВИДУАЛНОСТ

7. НАГРАДА ЗА КОСТИМОГРАФИЈА СЕ ДОДЕЛУВА НА **БЛАГОЈ МИЦЕВСКИ** ЗА КОСТИМИТЕ ВО ПРЕТСТАВАТА **“ГЕНАРЕЛ НА МРТВАТА ВОЈСКА”** ВО ИЗВЕДБА НА АЛБАНСКИОТ ТЕАТАР СКОПЈЕ. КЛАСИЧЕН КОСТИМ КОЈ ГО ОДРЕДУВА ДУХОТ НА ДНЕШНОТО ВРЕМЕ

8. НАГРАДА ЗА СЦЕНОГРАФИЈА СЕ ДОДЕЛУВА НА **ФИЛИП ЈОВАНОСКИ** И **ЈУЛИЈА ВОЈКОВА НАЈМАН** ЗА СЦЕНОГРАФИЈАТА ВО ПРЕТСТАВАТА **“КАВКАСКИОТ КРУГ СО КРЕДА”** ВО ИЗВЕДБА НА ТЕАТАРОТ “ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ” ОД ПРИЛЕП. И ПОКРАЈ ТОА ШТО Е ДОСТА СЛОЖЕНА И ОБЕМНА ОВАА СЦЕНОГРАФИЈА НА ЛЕСЕН

И ФУНКЦИОНАЛЕН НАЧИН ГО ПОДДРЖУВА И ДИНАМИЗИРА СЛОЖЕНОТО ДРАМСКО ДЕЈСТВО

9. НАГРАДА ЗА РЕЖИЈА СЕ ДОДЕЛУВА НА **МАРТИН КОЧОВСКИ** ЗА ПРЕТСТАВАТА **"КАВКАСКИОТ КРУГ СО КРЕДА"** НА ТЕАТАРОТ "ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ" ПРИЛЕП. СО ФАСЦИНАНТНА ПОСВЕТЕНОСТ, СТРАСТ И ВЕРБА ВО СВОЈАТА ПРОФЕСИЈА МАРТИН КОЧОВСКИ ЖЕСТОКО И ХРАБРО ВЛЕТУВА ВО НАЈДАЛЕЧНИТЕ И НЕИСТРАЖЕНИ ПРЕДЕЛИ НА СЦЕНСКАТА УМЕТНОСТ

10. НАГРАДА ЗА ТЕКСТ СЕ ДОДЕЛУВА НА **ГОРАН СТЕФАНОВСКИ** ЗА ТЕКСТОТ **"БАХАНАЛИИ"** ВО ИСТОИМЕНАТА ПРЕТСТАВА, А ВО ИЗВЕДБА НА ТЕАТАРОТ "ЈОРДАН ХАЏИ КОНСТАНТИНОВ-ЏИНОТ" ОД ВЕЛЕС. НА ДОБРО ПОЗНАТИ МИТОВИ И ЛЕГЕНДИ ГОРАН СТЕФАНОВСКИ НА КРЕАТИВЕН НАЧИН СОЗДАЛ ОРГИНАЛЕН ТЕКСТ КОЈ КОМУНИЦИРА СО НАШАТА СОВРЕМЕНОСТ

11. НАГРАДА ЗА СОВРЕМЕНА СЦЕНСКА ДРАМАТИЗАЦИЈА СЕ ДОДЕЛУВА НА **АНДРЕЈ ХИНГ** ЗА ДРАМАТИЗАЦИЈА НА РОМАНОТ **"БРАЌА КАРАМАЗОВИ"** ОД ДОСТОЕВСКИ, А ВО ИЗВЕДБА НА НАРОДНИОТ ТЕАТАР ОД БИТОЛА. ОД СЛОЖЕНИОТ И СЛОЕВИТ СВЕТ НА ДОСТОЕВСКИ АНДРЕЈ ХИНГ УСПЕАЛ ДА ЈА ИЗВЛЕЧЕ ЕСЕНЦИЈАТА И ДА НАПРАВИ ДИНАМИЧНО И ЖЕСТОКО ДРАМСКО ДЕЈСТВО

12. НАГРАДА ЗА ГЛАВНА МАШКА УЛОГА СЕ ДОДЕЛУВА НА **ОГНЕН ДРАНГОВСКИ** ЗА УЛОГАТА НА **АЉОША** ВО ПРЕТСТАВАТА **"БРАЌА КАРАМАЗОВИ"** ВО ИЗВЕДБА НА НАРОДНИОТ ТЕАТАР ОД БИТОЛА. СО ВОСХИТУВАЧКА ДУХОВНА СМИРЕНОСТ, СЦЕНСКИ МАГНЕТИЗАМ , СУГЕСТИВНОСТ НО ИСТОВРЕМНЕНО И ЖЕСТОКА ДРАМАТИЧНОСТ ОГНЕН ДРАНГОВСКИ УСПЕА ДА ИЗГРАДИ ЛИК КОЈ НИ ЈА ДОЛОВУВА МАТЕРИЈАЛНАТА И ДУХОВНА ДИМЕНЗИЈА НА ЧОВЕКОТ , МЕТЕФОРА НА ЕСЕНЦИЈАЛНИТЕ ЧОВЕЧКИ ДИЛЕМИ СТРЕМЕЖИ И НАДЕЖИ

13. НАГРАДА ЗА ГЛАВНА ЖЕНСКА УЛОГА СЕ ДОДЕЛУВА НА **БИЉАНА ДРАГИЧЕВИЌ ПРОЈКОВСКА** ЗА УЛОГАТА НА **КЕЈТ** ВО ПРЕТСТАВАТА **"ЖЕНАТА КАКО ВОЕНО ПОЛЕ"** ВО ИЗВЕДБА НА ДРАМСКИ ТЕАТАР СКОПЈЕ. ПОД, НАИЗГЛЕД СТУДЕНИОТ И ЧОВЕЧКИ И ПРОФЕСИОНАЛЕН ОКЛОП ЧУКА ОБИЧНО ТОПЛО ЧОВЕЧКО СРЦЕ . ТОА СРЦЕ ВО КЛУЧНИОТ МОМЕНТ СЕ СООЧУВА СО СВОЈАТА ЛИЧНА ДРАМА. ЛИК КОЈ Е РАСТРГНАТ ПОМЕЃУ СИГУРНИОТ И КОНФОРЕН ДОМ И ХАОСОТ НА СУРОВАТА ВОЈНА

14. НАГРАДАТА ЗА УМЕТНИЧКО ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРЕТСТАВА ВО ЦЕЛИНА И СЕ ДОДЕЛУВА НА ПРЕТСТАВАТА **"КАВКАСКИОТ КРУГ СО КРЕДА"** ВО РЕЖИЈА НА МАРТИН КОЧОВСКИ, А ВО ИЗВЕДБА НА ТЕАТАРОТ **"ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ" ПРИЛЕП**. РЕДОК ПРИМЕР НА КОЛЕКТИВНА ИГРА И ТОТАЛЕН ТЕАТАР СО БЕСКРАЈНА СТРАСТ И ВЕРБА ВО ТЕАТАРОТ, ЖИВОТ НА КОНКРЕТНОСТ И ПРЕЦИЗНОСТ, НО ИСТОВРЕМЕНО И ХРАБРО ИСТРАЖУВАЊЕ ВО СИТЕ СЕГМЕНТИ НА ИЗРАЗОТ

ПРИЛЕП 10 ЈУНИ 2010 г.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ОЦЕНУВАЧКА КОМИСИЈА: **Мустафа Јашар**. ЧЛЕНОВИ: **Слободан Деспотовски, Братислав Димитров**

# Жири и наградени . . .



Жирито ги соопштува наградите и наградените. Најдобра претстава е "Кавкаскот круг со креда"



Мартин Кочовски, режисер: Многу сум срекен и горд, не толку дека по втор пат по ред, туку поради претставата, затоа што таа заслужува такви награди. Заслужува поради трудот, волјата и пожртвуваноста кои се вложени во неа од една маса луѓе кои ќе бидат многу среќни од овие награди. Заслужува поради прашањата што ги поставува и начинот на кој ги поставува, а кои не се особено популарни овие денови.



Радост на ансамблот на прилепскиот театар која направи најдобра претстава на годинешниот Фестивал

# Награди . . .

Режисерот Дејан Пројковски со неговата претстава "Бегалка" се закити со награда за најдобра претстава во Италија.

- Во Италија ја имавме проверката колку вреди потрагата по универзалните теми, дека секогаш е интересно да се раскажува на универзален начин, да се создаде сценски јазик кој нема јазични бариери. Со "Бегалка" на штипскиот театар во Италија имавме голем успех, го прославивме македонскиот театар. Кога си посветен на театарот ја пронаоѓаш смислата во играњето на претставите во повеќе градови, места, земји. Многу е важно пронаоѓањето на нови енергии, размена на идеи, отоворање прашања на кои гледачите одговорите ги даваат во своето срце. Многу е важно да се проговори за слободата и човечките права во 21 век. Со "Бегалка", игравме две претстави во Италија и одлично одговоривме на тие прашања.



## Кон 45-тиот МТФ “ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ” - Прилеп



**Слободан Деспотовски**
режисер

***Какви режисерски концепти понуди фестивалот?***

Имаше една дебата овде за мултимедијалноста во театарот. Таа беше многу интересна. Јас сум секогаш за театар кој акцентот ќе го стави на актерот и режисерот. Другото сѐ се помошни средства , светло, сценски ефекти, секогаш добредојдени. Но, ако техниката доминира на сцената, тоа е исто толку лошо кога таа доминира во приватниот живот.

На овој Фестивал тоа беше избегнато. Претставите што ги гледавме беа со режисерска концепција ориентирана кон актерот, кон текстот. Другото беше помошно средство за да се добие ефект за да се комуницира со публиката. Мислам дека публиката тоа така подобро го прифаќа. Посетеноста на претставите тоа го докажува.

***Публиката обично "се лути" кога има камерни претстави за мал број гледачи.***

Тоа е прашање на режисерска концепција. И тие претстави се неопходни., Но сум забележал дека режисерите, театарската куќа некогаш прават погрешна процена, го потценуваат текстот, го ставаат на мала, камерна сцена. Не ја ставаат претставата на голема сцена зашто мислат дека ќе играат пред празна сала. Тоа е погрешно размислување . Нека ја постават претставата на голема сцена, па да видиме што ќе биде!

***Дали актерот беше центар на режисерскиот концепт во претставите?***

Што се однесува до годинашново издание, 45-то по ред на МТФ “Војдан Чернодрински”, се сретнавме со многу провокативни претстави кои апсолутно го задржуваа вниманието на гледачот и апсолутно го заслужуваа.

За тоа се заслужни сите кои ја направиле претставата. Но, според мене, на прв план е актерот. Актерот со својата енергија, со моќта на трансформацијата, со својата игра успева да ја размени таа енергија со публиката.

Тоа се случуваше во повеќето претстави.

***Забележлива е енергијата на младите актери во сите театри. Дали донесоа нов вид театар?***

Актерите донесоа нов вид театар во смисла на модерна игра, модерно толкување, без некои непотребни напрегања, без непотребни гегови, гестови, без нападност, фино, паметно. За сето тоа се заслужни и режисерите.

Општиот впечаток ми е дека ова поднебје отсекогаш имало добри актери и кога ќе погледнеме напред, имаме перспектива.



**Мустафа Јашар**
актер



**Братислав Димитров**
драмски автор

***Што донесе годинашниов фестивал?***

Фестивалот донесе навистина богатство на естетики, на различен начин на перцепирање на стварноста. Имаше неколку спектакуларни претстави од сите можни аспекти: сценографски, режисерски, актерски, но имаше и неколку претстави кои беа многу интимни, камерни, едноставни до соголеност .

***Каде се драмските автори?***

Не е лесно да се одговори едноставно. Тоа е една стратегија. Јас за тоа имам некои идеи. Да не биде банално дека е во прашање хонорарот, но треба да се заострат критериумите , да се зголемат хонорарите, финансиски да се мотивират драмските автори. Многу е просто.

Инспирацијата не е проблем. Не велам дека парите се единствен потикнувач, но да не се лажеме- потребни се. Ако веќе градиме пазарно општество, автоматски се наметнува понуда на производ кој излегува на пазарот. Не е воспоставена пазарната логика.

**Кон Фестивалот и драмските автори . . .**

Инспирацијата ни ја олеснува работата, но мора да има финансиска валоризација.

Треба да се зголеми хонорарот како мотив за драмските автори, искрено речено. Тоа треба да го направат институциите, министерството за култура.

Ако сум слободен уметник, треба од еден драмски текст да живеам извесно време. Можам и од мерак да напишам драмски текст и да го подарам. Но тоа не е поентата.

***Има ли смена на генерации во театрите и дали новите актерски сили носат и нов театар?***

Новите генерации по дефиниција носат свежина. Но, во нашата држава за жал не постојат две најважни професии: продуценти и менаџери. Тие млади имаат дарба, енергија. Но знаете, на пример,во филмската индустрија и во литературата, секаде има менаџери, продуценти. Кај нас нема. Театарот сепак е работа на искуство. Мора да се утврди технолошкиот процес, строго. Треба да се отворат тие врати.



**Трајче Кацаров**
драмски автор

***Каде се македонските драмски автори?***

Јас мислам дека драмските автори се тука, само нема кој да им даде можност да се појават на сцена.

Јас не се согласувам со тоа дека немаме драмски автори, а имаме режисери и глумци. Она што значи продуховеност и она што значи творечка моќ кои ги гледаме кај актерите и кај режисерите не може да не се огледа кај драмските автори. Значи, не може нацијата да има некоја аномалија: да нема автори, па да бара инјектирање преку странски драмски автори.

Драмските автори се присутни во македонскиот театар, но оние кои треба да ги примат како реалитет, кои треба да кореспондираат со нив, се свртени кон друга страна. Сметаат дека она што е донесено од страна како текст е тоа со кое може да се справат на сцената. За мене тоа е трагедија.

Драмските автори ги нема зашто нема интерес од режисерската и актерската фела за нив. Тоа е синдром кој во театарот е најмногу изразен.

Инстиотуциите на системот, конкретно министерството за култура треба финансиски да се насочат кон популаризирање и афирмирање на македонските драмски автори. Не може да се изгради национален театарски израз ако истиот во основата ја нема националната драматургија.

Треба да се изнајдат институции кои ќе помагаат во афирмацијата за мотивирање на драмските писатели да пишуваат текстови и да им се понудат на театарските куќи. Драмските автори апсолутно не се мотивирани, ниту од Министерството, ниту од театрите, посебно од чинителите на тетарскиот израз-режисерите и актерите. Јас досега не сум слушнал некој драмски автор да има режисер со кој работи, како навремето што беше Унковски-Стефановски, Георгиевски-Плевнеш. Сега речиси целосно сме преокупирани со надворешна драматургија.

**Гости на Фестивалот . . .**



**Наташа Колевска,**
драматург во
Воениот театар
во Софија, Бугарија

Следејќи го Фестивалот ја видов моменталната слика на македонскиот театар. Во областа на драматургијата освен добро познатите имиња Дејан Дуковски и Горан Стефановски, се јавија покамерни и поинтимни пиеси како на Трајче Кацаров. Оваа тенденција се гледа во контекст на современата драматургија од другите земји. Такви се пиесите на Матеј Визниек, Владимир Ѓурѓевиќ, пиесата Норвешка. Во таа насока на разоткривање на интимното пространство, на бурите и стихиите, кои се кријат во чувствата и себесознанието, го гледам во реализацијата на "Стринберг досие" и "Госпоѓица Јулија". Режијата на Дејан Пројковски пак покажува како тие интимни, лични проблеми, сврзани со животот на човекот и филозофијата, како љубов и вера, можат да добијат големи димензии кога се напишани од гениј како Достоевски. Исклучителна е работата на сценографијата на претставата на Владо Ѓорески-Рафик. И кога се работи за режисерите сакам да кажам, со голема радост, дека во таа област програмата на Фестивалот многу ме изненади. Имаше богата и плодна програма. Мартин Кочовски, кој по втор пат ја освои публиката со пиеса на Брехт, Дејан Пројковски, кој се дрзнал да ја постави театралната форма на романот од Достоевски, тоа се двајца млади режисери, сериозни, надежни кои го завршиле своето образование во Бугарија. Беше претставен и бугарскиот режисер Владлен Александров, кој ги развива контактите со соседните земји.

Многу ме радува што на 45 МТФ видов многу добри актери, во различни жанрови, од мјузиклот првиот ден, до драмите. Актерите и актерките покажаа оригиналност, висока професионалност и целосна посветеност во играта.

Надежта на македонскиот театар ја демонстрираа студентите на Кирил Ристовски и Зоја Бузалковска, на Ѓорѓи Јолевски. А, најдоброто од сé е прилепската публика која е исклучителна. Таа е најубавиот подарок на Фестивалот.

• • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • •



**Мише Автароски,** директор на театарот **"Бумеранг" од Мелбурн, Австралија.**

Бевме повеќепати домаќини на неколку македонски театри: на битолскиот, прилепскиот, на драмски театар од Скопје… И на многубројни гостувања на поединци, глумци, уметници..

Таа соработка трае повеќе од десет години.

***Од кога постои театарот "Бумеранг"?***

Постоиме веќе 20 години. Театарот е аматерски, но со професионален дух.

***Каков репертоар имате?***

Претежно поставуваме мои текстови. Тоа се комедии, лесни текстови во кои е опишан животот во Австралија. Претставите се ведри, внесуваме доста музички ефекти. Кај публиката се омилени, прифатени. Го опишуваме денешниот живот на македонците таму, борбата со носталгијата спрема нашата татковина, судирот меѓу старите и новите генерации. Ги опишуваме обичаите, адетите, новото што го носи Австралија. Сето тоа гледано низ хуморот, со блага доза на сатира.

***Имате ли публика?***

Да, многу доаѓаат на нашите претстави. Тоа е претежно македонска публика, иако во нашите претстави се зборува и англиски. Го отсликуваме денешниот живот на една македонска фамилија. Тоа што го зборува таткото, синот го одговара дел на англиски. Внесено е се што се случува во реалноста. Публиката е претежно македонска. Но знаете, многу од нашите имаат пријатели англичани, австралијанци, италијанци, од многу нации.

***Колку претстави правите годишно?***

Па, една до две претстави. Сепак, ние не живееме од театарот. Сите ние, глумците, членовите на театарот имаме свои професии. Тетарот ни е како хоби иако меѓу глумците има и професионалци, со

завршени академии на драмски уметности. Тие се професори во школи каде предаваат драма, уметност. Често пати гостуваме, шетаме низ целиот свет. Популарни сме и познати во Америка и во Канада. Сакавме да дојдеме и овде на Фестивалот, но имаме турнеја низ Америка. Во септември е големата турнеа низ многу американски градови. Ќе гостуваме и во Канада. Здравје, догодина, преку гостувањата во Шведска, планираме да гостуваме и во Македонија.



**Слободан Андоновски,** претседател на театарот **"Бумеранг"**

***Кога македонските театри гостуваат во Австралија, што сакаат нашинците најмногу да гледаат?***

Македонците во Австралија сакаат да го гледаат она што е допирливо до нив, нешто од Македонија што се пренесува, а е во контакт со нив, со оној живот што го живееле пред да заминат во Австралија. На некои луѓе таму "им застанал часовникот" кога дошле пред 10-ина години на далечниот континент и се чувствуваат како во она време пред да заминат. Така, за нив најпривлечни се тие претстави, комедии, со малку сатира. Тие се најблиски до нив и најдобро се примени од публиката. Некогаш сакаме да донесеме и други претстави, со повисок естетски код за да ги гледа нашата публика.

***Во иднина каков спој ќе направите со македонскиот театар? Што е тоа што недостасува!***

Недостасува еден мост со министерството за култура и со театарот "Бумеранг", за да имаме барем еднаш годишно соработка со било кој театар од Македонија. Сите македонски театри се професионални, а ние сме аматерски театар и потребна ни е соработка. Тоа недостасува. Сакаме некој да не подучи. Сакаме да бидеме во друштвото со актерите, да ни кажат за нови текстови… За да се надоградиме. Ние имаме една формула со која ја одржуваме публиката во Австралија и во Канада. Ни треба надградба, нови текстови, режисери и нови гостувања.

**Бранко Брезовац,** режисер

## БИТОВАТА ДРАМА ИНСПИРИРА

Познатиот режисер Бранко Брезовац работи на подготовка на нова претстава "Антица" од Ристо Крле со прилепскиот ансамбл.

***Какво е задоволството да се работи битова драма?***

- Битова драма работам по 10 години. По "Печалбарите" во Битола пред 10-тина години, еве повторно се враќам на тој жанр. Сакам да ги работам македонските битови драми. Изгледаат како мелодрама, тоа е оној автентичниот македонски жанр.

***Зошто токму битовите драми?***

- Имаат некои елементи на вистински трагедии, ставени се во македонското поднебје и во некој однос, кој денес нели е малку подзаборавен меѓу големите империи кои ја опкружувале Македонија. "Антица" е драма, приказна за една девојка која не може да ја реализира својата љубов. Тоа е еден љубовен триаголник кога една млада дама се заљубува во еден Македонец. Интересна драма која ги допира проблемите на гркофилството. Момчето сака да се приклучи на грчка партија за да ја придобие девојката, да стане негова жена. Интересна проблематика, има разни национализми, разни поврзувања и обиди различни нации да се спојат. Драмата се шири во разни простори, ги комбинира Грција, Србија, Албанија и мислам дека ќе биде интересно. Ние тоа го направивме на некој поинаков, посовремен начин.

***Колку што знам учествува и уметничкото студио Зодијак?***

- Кире Миладиноски од студиото е големо изненадување. Во Прилеп има еден близок однос спрема танцот, спрема телото, така што јас навистина сум изненаден.

Тој ги учи актерите на движење кое е поинакво, не е класика, не е неокласика, туку се базира на едно современо искуство. Мислам дека Кире многу сака да работи со глумците и дава многу точни упатства и сум сигурен дека и од глумците ќе го добие она што многу тешко се добива.



***А зошто ви с потребни тие танцови движења?***

- Има многу танци, еден цел 4-ти чин - финалето на драмата е всушност една свадба, свеченост, каде Антица се мажи не за саканиот, туку со гркоман, се продава за една грчка партија. Има многу танц како и во секоја свадба.

***Премиерата е планирана за септември?***

- Да, па еве пробуваме, пееме, тоа е претстава со пеење. Трае повеќе од едне час.Сега го пробуваме пеењето, потоа на крајот од месецот и при крајот на септември ќе се појавиме пред публиката.

***Што работите друго?***

- Секој ден сум ангажиран. Вчера ги завршивме пробите. Работам исто така и за Котор со Марјан Нечак со нашиот композитор со кого соработуваме веќе 10 години на “Саломим” од Мирослав Крлежа. Премиерата ќе биде во Котор, потоа ќе играме во Загреб.

***Кои се вашите следни планови и ангажмани?***

После сето ова ќе работам на една книга во која се моите предавања од академијата, така што најверојатно ќе се посветам на книгата. Книгата ќе биде меѓу теоријата и практиката, за глумците и режисерите.

***Како го чувствувате фестивалот “Војдан Чернодрински”?***

- Јас го сакам Фестивалот, 1988 година добивме еден куп награди, ако се сеќавате за "Црна дупка" на битолскиот театар, потоа исто така доаѓав да ги видам колегите. Ја гледам состојбата во македонскиот театар, ги гледам кои се насоките, така што е потребно да сум тука, и ми е драго што е така.

***Каква е состојбата во македонскиот театар ?***

- Мислам дека е во некои европски движења , колку тоа Европа талка и мислам дека е составен дел од тоа. Треба да се трудат глумците и режисерите да се запознаат. И за македонските глумци мислам дека би биле европски врвни уметници кои го разбираат овој ритуален аспект кој многу тешко да го достигнат западот. Од друга страна, има постојан контакт со едно модерно чувство за театар, глумците мислам дека се еден голема добивка за македонскиот театар.

Бранко и Сузана слават десетгодишни од брак

Денеска се навршуваат 10 години откако својата 12 годишна љубов Бранко Брезовац и актерката Сузана ја крунисале со свадба. Се запознале на подготовките на претстватa “Црна дупка” во Битола. За тие 20 дена успеале да се спојат. Живеат заедно во Загреб. Брезовац открива дека Сузана го прави среќен, бракот им е убав, елегантен, мирен, исполнет со љубов.

# ЌЕ ГЛЕДАТЕ

ЧЕТВРТОК, 10.06.2010

20.00 часот - Сцена плоштад Александрија

(ако врне алтернативна сцена е ЦК"Марко Цепенков")

Претстава по покана за свеченото затворање на Фестивалот

**"КРПЕН ЖИВОТ"** од Стале Попов

режија: Владо Цветановски

Прилепски театар

45. МАКЕДОНСКИ ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ
„ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ” – ПРИЛЕП

**Покровители:**
***Министерство за култура на Република Македонија***
***Собрание на Општина Прилеп***

**Собрание на МТФ:**
Сенко Велинов - Македонски народен театар - Скопје
Јордан Витанов - НТ Ј.Х.К. Џинот - Велес
Брано Ѓорчев - Драмски театар - Скопје
Бесфорт Идризи - Албански театар - Скопје
Трајче Кацаров - Театар Штип
Атила Клинче - Турски тетар - Скопје
Драган Маџиров - Театар Струмица
Петар Мирчевски - Народен театар - Битола
Роберт Павлевски - Театар Куманово
Кирил Ристоски - Факултет за драмски уметности - Скопје
Артан Скендери - Тетовски театар - Тетово
Љубомир Чадиковски - Театар за деца и млади - Скопје
Тони Чатлески - Театар Прилеп

**Извршен одбор на МТФ:**
Сенко Велинов - Претседател
Бранко Ѓорчев - Член
Петар Мирчевски - Член
Роберт Павлевски - Член
Бесфорт Идризи - Член

**Уметнички директор:**
Петар Темелковски

**Жири комисија:**
Слободан Деспотовски
Братислав Димитров
Мустафа Јашар

**Секретар на МТФ:**
Стојан Дамчески

**Технички секретар:**
Љупчо Тодоровски

• • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • •

Билтен на 45. МТФ “ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ” - Прилеп
**За издавачот:** Петар Темелкоски
**Уредници на Билтенот:** Елизабета Митреска, Каролина Мицевска, Светлана Ристеска, Каролина Дурло и Љупчо Мургоски
**Фотографии:** Елизабета Митреска, Светлана Ристеска и Каролина Мицевска.
Печати: “ТИРЕКС” - Прилеп
Македонски театарски фестивал
**“ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ” - ПРИЛЕП**
Центар за култура “Марко Цепенков”
7500 Прилеп
тел.: 048/401-630 или 425-520
факс: 048/401-631
E-mail: mtf_vc@t-home.mk
www.mtf.com.mk